**Наслов на докторската дисертација:** Влијанието на изучувањето иновации и претприемништво во основното образование врз развојот на претприемачките компетенции на учениците


**Апстракт:** Еден од клучните фактори во развојот на претприемачкиот екосистем е постоењето на квалитетен човечки капитал. Образовниот систем (формалното и неформалното образование) претставува темел за создавање претприемачки ориентирани човечки ресурси. Образованието е основа за развој на едно општество, а квалитетното претприемачко образование претставува движечка сила која го профилира човечкиот капитал, го развива иновативното размислување и го стимулира претприемачкиот дух кај младата популација.

Целта на спроведените истражувања во рамки на докторската дисертација беше да се направи проценка на степенот на развиеност на претприемачките компетенции кај учениците кои го завршуваат основното образование, т.е. на крајот од IX одделение. Исто така беа анализирани компетенциите на наставниците кои го предаваат наставниот предмет Иновации во IX одделение, како и предизвиците со кои се соочуваат во текот на наставата.

Акцентот во трудот е ставен на влијанието од воведувањето на предмети/содржини од иновации и претприемништво во основното образование врз развојот на претприемачките компетенции на учениците.

Емпириското истражување беше спроведено на примерок од 1802 ученици во IX одделение и 55 наставници кои го предаваа предметот Иновации во 60 основни училишта. Истражувањето резултираше со бројни препораки за подобрување на состојбата со претприемачкото образование во нашата држава.



**Клучни зборови:** Претприемачко образование, претприемачки компетенции, иновации, претприемништво, основно образование

| | |
|---|---|
| **Title of doctoral dissertation:** | The Impact of Learning Innovation and Entrepreneurship in Primary Education on the Development of Students' Entrepreneurial Competences |

**Abstract:** One of the key factors in the development of the entrepreneurial ecosystem is the existence of quality human capital. The education system (formal and non-formal education) is the foundation for creating entrepreneurially oriented human resources. Education is the basis for the development of one society, and quality entrepreneurship education is a driving force that profiles the human capital, develops innovative thinking and stimulates the entrepreneurial spirit of the young population.

The purpose of the research conducted within the doctoral dissertation was to assess the degree of entrepreneurial competencies development by students who complete primary education, i.e. at the end of 9th grade. Furthermore, the competencies of the teachers who teach the subject Innovation in 9th grade were also analyzed, as well as the challenges they face during the teaching.

The emphasis is placed on the impact of introducing subjects / content from innovation and entrepreneurship in primary education on the development of students' entrepreneurial competencies.

The empirical research was conducted on a sample of 1802 students in IX-th grade and 55 teachers who taught the subject Innovation in 60 primary schools. The research resulted in numerous recommendations for improving the situation with entrepreneurial education in our country.

**Key words:** Entrepreneurship education, entrepreneurial competences, innovation, entrepreneurship, primary education